## 1. Што се тоа права на интелектуална сопственост?

✓ Под права на интелектуална сопственост се подразбира збирот на определени овластувања што ги имаат носителите на правата врз предметите на правата на интелектуална сопственост (како што се пронајдоците, графичките знаци, дизајните, географските називи, авторските дела, предметите на сродни права (фонограми, видеограми, изведби, итн.)), итн.



✓ Права на интелектуална сопственост се патентите, трговските марки, индустриските дизајни, ознаките на потекло, географските ознаки, авторското право и сродните права (права на изведувачите, права на фонограмските продуценти, права на филмските продуценти, права на РТВ организациите, права на изведувачите, итн.).

## 2. Што се подразбира под пиратска, а што под фалсификувана стока?

✓ Под пиратска стока се подразбира стоката произведена врз основа на незаконски присвоени авторски дела или предмети на сродни права. Најчесто станува збор за нелегално изработени примероци на авторски дела (на пр., издавање на некој роман без дозвола на авторот или негово умножување без согласност на издавачот), односно, предмети на сродни права (на пр., умножување на носачи на звук, носачи на слика и звук (филмови), итн.).

✓ Под фалсификувана стока се подразбира стока, заедно со амбалажата, на која без овластување е означена трговска марка идентична на трговската марка регистрирана за таква стока, или трговската марка која по сите свои битни својства не може да се разликува од регистрираната трговска марка (на пр., облека на која е ставена трговска марка без согласност од носителот на правото на трговската марка).



✓ Во поширока смисла, под пиратска и фалсификувана стока може да се подразбира и стока со која се повредуваат и другите права на интелектуална сопственост, како што се патентите (на пр., кога во некоја техничка стока е содржан патентиран пронајдок без согласност на неговиот носител или кога е произведен патентиран лек без согласност на носителот на патентот).

## 3. Што може да се случи кога потрошувачот набавува пиратски или фалсификувани стоки?

✓ Во пракса доаѓа до труење од фалсификувани алкохолни пијалаци; појава на алергии од фалсификувани детергенти, шампони и козметички производи; присуство на антибиотици во лекови за намалување на температура и аналгетици и резистентност на антибиотици; продажба на неквалитетни делови во автомобилската индустрија што е причина за небезбеден сообраќај и појава на сообраќајни незгоди; продажба на технички производи без гаранција што можат да ја уништат инсталацијата и да предизвикаат пожар; со пиратски софтвер што е модификуван може да се оштети компјутерот; слаб квалитет на пиратските книги, филмови, музика, итн.

✓ Со купување на пиратска и фалсификувана стока може да дојде до потпомагање на организираниот криминал, затоа што многу често фалсификувањето и пиратеријата се дел од вакви активности; се избегнува плаќањето на данок и се намалува буџетот на државата; се затвораат киносали; се намалува стимулирањето за творештво и културата на една земја, итн.

## 4. Како да се препознае фалсификуваната и пиратската стока?

✓ Преку избегнување на купување на стока од улични продавачи кои најчесто не даваат фискална сметка; лекови и медицински помагала на зелени пазари; производи без декларација на македонски јазик; симнување без дозвола и инсталирање на софтвер без лиценца; стоки во нестандардна амбалажа, итн.



## 5. *На кого треба да му се обрати потрошувачот кога ќе забележи пиратска и фалсификувана стока во промет?*

✓ Инспекциски надзор над повредата на правата на интелектуална сопственост на пазарот врши Државниот пазарен инспекторат.



## 6. Дали потрошувачот може да биде одговорен за купување на пиратски и фалсификувани стоки?

✓ Според македонското право, за повреда на правата на интелектуална сопственост прекршочно може да одговара само трговецот, но не и потрошувачот. Што се однесува до казнената одговорност, потрошувачот, начелно, не може да одговара, но доколку самиот врши промет на купените и симнатите од глобалната мрежа пиратски стоки во кои е вклучено авторско право или сродни права, дури и без добивка за него, тој може да биде и казнено одговорен.



**Потрошувачи,**
**Доколку имате проблеми можете да се обратите до:**

---

**Организација на потрошувачите на Македонија**
ул."Водњанска" б.б.1000 Скопје,
тел./ факс: 3179 - 592; тел.3212-440
url: www.opm.org.mk; e-mail: opm@opm.org.mk

**Организација на потрошувачите Битола**
ул. Браќа Мингови бр.5,
7000 Битола
тел./факс: 047/228 246

**Организација на потрошувачите Штип**
ул. Васил Главинов бб,
2000 Штип
тел./факс: 032/385 592, моб.070 384 677

**Организација на потрошувачите Охрид**
,,Трговски Центар -Амам, бр.218/1, II кат,
6000 Охрид
тел./факс: 046/523 348

**Организација на потрошувачите Кочани**
уул. Раде Кратовче бр.1,
2300 Кочани
тел./факс: 033/274 013 лок. 104

**Организација на потрошувачите Тетово**
ул. ЈНА, Општина Тетово,
1200 Тетово
тел./факс: 044/356 630

ОПМ

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА



# Пиратската и фалсификуваната стока: опасност за здравјето, за безбедноста и за имотот на потрошувачите!